# ЗАПИСНИК

Записник од одржаната Јавна расправа за Студија за оцена на влијание врз животна средина за спроведување на проектот "Изградба на автопат М-5 на делница, граничен премин на Република Бугарија (Црна Скала) - Делчево - Виница - Кочани - Штип - Велес ", Одржана на 24.02.2012 (петок) во спомен домот АСНОМ во општина Делчево со почеток во 12.30 часот

На ден 24.02.2012 година, во спомен домот АСНОМ на општина Делчево, се одржа Јавна расправа по Студија за оцена на влијание врз животната средина за проектот "Изградба на автопат М-5 на делница, граничен премин на Република Бугарија (Црна Скала) - Делчево - Виница - Кочани - Штип - Велес". Јавната расправа која ја организира Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со инвеститорот Агенција за државни патишта , започна во 12:30часот.

Присутни:

- Зоран Бошев, Раководител на Одделение за оцена на влијание врз животна средина од Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП);

- Билјана Спироска, советник во Одделение за оцена на влијание врз животна средина во Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП);

- Сашка Богданова, претставник од страна на Инвеститорот Агенција за државни патишта;

- Ленче Јанева, експерт за оцена на влијание врз животната средина и одговорна за Студијата за ОВЖС;

- Представници од страна на Општина Делчево;

-Засегната граѓани (Листа на присутни дадени во Прилог).

**Јавната расправа се одвиваше по следниот Дневен ред**:

1. По краткиот вовед од страна на Зоран Бошев, јавната расправа ја отвори Билјана Спироска, советник за оцена на влијание врз животна средина во Министерството за животна средина и просторно планирање. По претставување на присутните претставници од страна на министерството, инвеститорот и изготвувачот на Студијата, и даде збор на Ленче Јанева да изврши презентација на Студијата.

**2.Презентација на студијата за оцена на влијанието врз животната средина**

Цел на проектот е изградба на современ автопат со четири ленти по две од секоја насока од Црна Скала (граница со Република Бугарија), Делчево, Виница, Кочани, Штип, Велес до населено место Отовица кај езеротот Младост, со вкупна должина од 98 km.

Автопатот главно е обработен во три основни делници: Црна Скала-Виница, Виница - Три чешми, Три чешми - Отовица. Делницата Црна Скала- Виница  и Виница - Три Чешми се водат со стационажи кои се во продолжение, а се од км0+000 до 34+000 и од км 34+000 до 74+300, а делницата Кадрифаково - Отовиа се води како посебна делница со стационажи од км0+000 до км 25+510. Ваквиот начин на водење на де4лницата е од пичина што помеѓу Три Чешми и Кадрифаковом има шрекин од 7 км, кои се дел од делницата Три Чешми до Миладиновци.

Врз основа на видот и големината на проектот, МЖСПП го задолжи инвеститорот да изработи Студија за оцена на влијанието врз животната средина.  Според насоките од УЖС во Студијата анализирани се можните влијанија од изградбата и експлоатацијата на автопатот врз животната средина и тоа: влијание врз воздухот, влијание врз водите, влијание врз почвата, појава од отпад, позајмишта, депонии, усеци и насипи, влијание на патот од промена на користење на земјиште, влијание врз пределот, влијание врз биокоридори , влијание врз стаништата, влијание врз флората и фауната, ризик од инциденти, бучава, вибрации, влијание врз спомениците на природата, влијание врз археолошките локалитети,  влијание врз земјодеско земјиште, влијание врз песажот, останати влијанија.

Направена е анализа за можни влијанија од реализација на проектот и предложени се заштитни мерки за ублажување и компензација на потенцијалните негативни влијанија за кои инвеститорот се обврзува да ги почитува.

**3.Дискусија**

По час  и половина генерални заклучоци од дискусијата се следните:

Николчо Николоски - Директор на ЈПКД Брегалница,  По презентацијата и предлогот за сината варијанта, смета дека од конфигурација на терен, зимски услови, помали ископи, задржување на жителите по околните населени места и др. поповолна и потребно е да се прифати изградбата на црвената варијанта.

Ленче Јанева: Плавата варијанта(како што е препорачана во студијата) е подобра од црвената од економски аспект, има помали усеци, се јавуваат вијадукти со поголема должина и нема археолошки локалитети во време на градба, а во време на експлоатација црвената варијанта иако е пократка за 500м. Има поголеми нагиби во континуитет од 4% што значи поголема потрошувачка на гориво, поголеми издувни гасови и бучава, зафаќање на поголема површина поради трета лента.

Горан Трајановски: Луис Берже има изготвено префизибилити студија која ја преферира плавата варијанта, сакавме да имаме алтернатива и ја создадовме црвената линија која е поисправена и пократка од плавата, и има помалку објекти, вијадукти, но и повеќе минирање и кога претставниците на Проектантите, Ревидентите од ГФ, и претставници на АДП едногласно се согласија дека плавата е посоодветна траса и поедноставна за одржување во зимски услови.

Граѓанин: Дали плавата од Виница оди по постојниот каде има повеќе успони, во однос на црвената траса која ја преферираме.  Како ги гледаме успоните?

Горан Трајановски: Трасата е водена оптимално, значи со проектната задача сме добиле коридор во кој се наоѓа трасата каде тешко може да се забележи. Проектирањето е вршено со ортофотографија каде детално се разгледува теренот.

Николчо Николоски - Директор на ЈПКД Брегалница: Од економски интерес на Делчево и Виница е да се активира тој крај што некогаш хранел илјадници жители, а сега е изумрен, затоа поважна е црвената траса и изградбата на автопат покрај веќепостоечкиот регионален пат,додека за зимски услови исто е подобра црвената траса, додека плавата од аспект на зимско одржување е понеисплатлива

Граѓанин: Колку се искористува од старата траса на регионалниот пат со автопатот?

Горан Трајановски: Ништо не се искористува од стариот пат за автопатот. Имаме една клучка за Берово и за неа искористуваме еден вијадукт и линк пат околу 2км до патот кој оди за Берово.

Граѓанин: Селата кој се зафатени кај клучка Берово до Караџовска маала се зафатени повеќе места, а кај Калиманско поле имаме иселени места и многу малку населено.

Горан Трајановски: Доколку во континуитет од 6км имаме наклон 6% , проектот нема да помине, такви услови сеуште се применуваат само на Балканот.

Поранешен градоначалник на Делчево: Многу малку се искористени веќе проектираните и изведени траси. Трасата која е проектирана од Делчево до Црена Скала не соодвестува со тоа што веќе го има на терен. Мора да се има во предвид дека постоечката на терен се изменето обврските за експропријацијата, а бидејќи тоа чини многу, би требало тој дел да се искористи за автопатот зашто е стигнато до тампон.

Тони Павлов: Пробиената траса кај Црна Скала од Гранит не ги задоволува условите за автопат, таа е проектирана за магистрален,додека ние зборуваме за автопат со проектна брзина од 100км/ч во планински терен.

Граѓанин: Дали е внесен проектот во некој програма и кога ќе се гради?

Сашка Богданова: Во моментот АДП има обезбедено буџет само за изработка на техничка докемнтација за проектот, кога ќе се заврши се тоа и се добие финансиска конструкција на целокупниот проект ќе се бараат средства и извори на финансирање за изградба на автопатот.

Здравко Мирчевски, Секретар на општина Делчево- Како генерален заклучок од целата дискусија произлезе дека Секретарот на општината смета дека црвената варијанита е поповолна за општина Делчево, меѓутоа која варијанта да се избере изградбата да започне од страна на Делчево, како најлош патен правец од постоечката делница.

Николина Петровска-Макрудиева соработник за сообраќај во општина Делчево, Дали се решени атмосферските води при експлоатација на патиштата и кој ќе го одржува тоа?

Ленче Јанева: Решени се со одводнување во каналети и ке се собираат во шахти со маслофаќачи и ќе има таложење на честици, додека маснотиите ќе испивуваат на површината и ќе се одржува од фирма задолжена за одржување на патиштата.

Граѓанин: Зашто не се применуваат вињети кај нас за патарини?

Сашка Богданова: Моментално се работи на таа проблематика, се подготвува студија за трансформација и осовременување на патарините со заем од ЕБОР и ангажирани се Консултанти од надвор кои и помагаат на АДП во тој дел.

Прашање: Колку шума ќе се уништи од плавата , колку од сината варијанта? Дали е направена таква анализа?

Ленче Јанева: Благум гумерови 382м$^3$, деградирани благум габерови шуми 292 м$^3$, плоскачко серови шуми 1012м$^3$, деградирани 435м$^3$, или страна 193 од Студијата за ОВЖС за плават аваријанта, додека за црвената траса дополнително ќе ви доставиме податок во писмена форма.

Сашко Георгиев, инж. за животна средина: Бидејќи ќе има сеча, што се случува со обновата на шумата?

Ленче Јанева: За секое едно исечено,треба да се засадат три дрвца, а сето тоа е предвидено во Планот за засадување кој е дел од тендерската документација.

Генерален одговор од старна на одговорните за Студијата е дека изборот на плавата варијанта е поповолна од технички аспект, од аспект на загадување на воздухот и тн, атмосферските води се решени со каналетки и мслофаќачи. За сечењето на шумата за сината варијанта се предвидени сеча на шума од 13-15м3.

Други дискутанти не се пријавија и јавната расправа ја затвори Зоран Бошев во 14:30 часот.

Записничар:

Билана Спироска

**Листа на присутни лица на Јавната расправа за Проектот: Изградба на автопат М5, Велес - Граница со Бугарија одржана во Општина делчево на 24.02.2012 година во 12.30часот**

| Р. бр. | Име и презиме | Институција | Контакт тел. и e-mail |
|---|---|---|---|
| 1 | Зоран Бојцев | МЖСПП | z.bojcev@mtsepp.gov.mk 076/441-894 |
| 2 | Билјана Спироска | МЖСПП | b.spiroska@mtsepp.gov.mk 076/455-427 |
| 3 | Сашка Богданова | Агенција за државни патишта | saska@roads.org.mk 078/330297 |
| 4 | Горан Трајановски | Диви Македонија | 075376505 GT@diwi.mk |
| 5 | Тони Павлов | Диви Македонија | 070/350173 t.pavlov@diwi.mk |
| 6 | Владо [illegible] | Локално самоуправа | 077 256 690 |
| 7 | Љупчо Симоновски | Локална самоуправа | ljupco.simonovski@yahoo.com |
| 8 | Јанев Бор[illegible] | Грнчани | 412-406 |
| 9 | Стоименовска Маја | ЕЛС Делчево | 077-717-717 stoimenovskam@gmail.com |
| 10 | Николина Петровска Марјановска | ЕЛС-Делчево | 072/316-521 petrovskanikolina2@yahoo.com |
| 11 | Зорка Спасова | ЕЛС-Делчево | 071/819-092 zorkaspasova@gmail.com |
| 12 | Љубица Ѓорѓиевска | ЕЛС Делчево | 075 704 449 ljubica_g@yahoo.com |
| 13 | Ѓурѓан Златков | ЕЛС Делчево | 077/692-234 |
| 14 | Ѓорѓиев Сашко | Невработен | 071/391-369 |
| 15 | Билјана Гругева | Диви - Македонија | 070/261-078 |
| 16 | Владо Атанасовски | МЖСПП на РМ | 078 290 159 |
| 17 | Коце Николовски | ЕЛС-Делчево | 071/215-279 ; 033/413-727 |
| 18 | Петре Николовски | Грнчани | 071 373 016 |
| 19 | Ѓорѓи Антонов | ЕЛС-Делчево | 075-984-590 |
| 20 | Звонко Атанасов | ЕЛС - Делчево | 071805588 dgizvonko@gmail.com |
| 21 | Емин Таиев | ЕЛС - Грнчани | 071-268 934 osmiseptemvri@yahoo.com |
| 22 | Зоран Кускински | ЕЛС - Делчево | 071-604-747 kuskinskiz@gmail.com |
| 23 | Анче Христова | ЕЛС - Делчево | 071/215-278 anehristova@yahoo.com |
| 24 | Ѓорѓи [illegible] | Еко Арония | 075 598 206 |

| Листа на присутни лица на Јавната расправа за Проектот: Изградба на автопат М5, Велес - Граница со Бугарија одржана во Општина делчево на 24.02.2012 година во 12.30часот | | | |
|---|---|---|---|
| Р. бр. | Име и презиме | Институција | Контакт тел. и e-mail |
| 25 | [illegible] | Општина Делчево | 071236054 |
| 26 | Николго Николовски | ЈПКД, Брегалница | 071-373-134 |
| 27 | Перса Стојковски | ЗРА Пијачечни глас | 070-917-038 |
| 28 | Горан Петровски | | 072-240-210 |
| 29 | Јовани Стојменовски | Граѓанин | 078 306 655 |
| 30 | Сандра Станковска | Граѓанин | 070-428-538 |
| 31 | [illegible] | Општина Делчево | 033-411-676 |
| 32 | Јанева Ленче | Диви Македонија | 0 |
| 33 | | | |
| 34 | | | |
| 35 | | | |
| 36 | | | |
| 37 | | | |
| 38 | | | |
| 39 | | | |
| 40 | | | |
| 41 | | | |
| 42 | | | |
| 43 | | | |
| 44 | | | |
| 45 | | | |
| 46 | | | |
| 47 | | | |
| 48 | | | |